Бр. 12-2270/10
08.11.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител на ден 04.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 23-та седница одржана на 1 ноември 2019 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од непознат подносител на ден 04.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-2270/1 од 04.04.2019 година, во која укажува на незаконитости сторени од Комисијата за нострификација на странски дипломи при Министерството за образование и наука, поврзани со постапката за нострификација на странска диплома по магистерски студии на лицето ----------- од --------, на Факултетот за Гео – информатички науки и опсервирање на земјата при Универзитетот Твенте во Енсхеде, Холандија, (ITC (Faculty of Geo Information Science).

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2270/1 од 04.04.2019 година, поради непотврденост и неоснованост на наводите содржани во пријавата.

Предметот со број 12-2270/1 од 04.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2270/1 од 04.04.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на незаконитости сторени од Комисијата за нострификација на странски дипломи при Министерството за образование и наука, поврзани со постапката за нострификација на странска магистерска диплома на лицето --------------, кој магистрирал во Факултетот за Гео – информатички науки и опсервирање на земјата при Универзитетот Твенте во Енсхеде, Холандија (ITC (Faculty of Geo Information Science), факултет кој е наменет за неразвиените држави од Африка и Азија. Програмата на која магистрирало ова лице е акредитирана со 118 ECTS (кредити) во Холандија, односно со два кредити помалку од стандардниот број кредити (120) кој се бара за звање -Магистер на науки. Покрај законскиот услов од 120 кредити потребни за нострификација на странска магистерска диплома во Македонија, кои кредити според акредитацијата на програмата по земјишна администрација во Холандија не ги поседувал бидејќи програмата е акредитирана со 118 кредити, лицето ------------- успеал да ја нострифицира дипломата, со тоа што покрај задолжителните предмети од програмата, побарал и му била дадена можност од продеканот на факултетот да полага уште еден дополнителен испит кој има над


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

два кредити, а кој не е дел од акредитираната програма за земјишна администрација, се со цел за да се здобие со 120 или повеќе кредити и да може да ја нострифицира дипломата во Македонија.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите содржани во пријавата по која е оформен предметот број 12-2270/1 од 04.04.2019 година, беше доставено Барање за доставување на податоци и информации до Министерство за образование и наука со број 12-2270/4 од 14.05.2019 година со кое се бара да достави целосна информација во врска со спроведената постапка за нострификација на странската диплома на лицето --------------- за завршени магистерски студии на ITC (Faculty of Geo Information Science) во Холандија, со прилог документација.

Од Министерство за образование и наука беше доставен одговор - целосна информација со број 12-2270/5 од 17.06.2019 година во кое наведува дека од додатокот на диплома јасно и недвосмислено може да се утврди дека --------------- се стекнал со 123 ЕКТС кредити со што се стекнал со диплома магистер на науки.

ДКСК достави Барање за доставување на податоци и информации до Државен просветен инспекторат со број 12-2270/7 од 22.08.2019 година со кое се бара да изврши вонреден инспекциски надзор на спроведената постапка за нострификација, признавање на вискообразовна квалификација на странската диплома на лицето -------------- за завршени магистерски студии на ITC (Faculty of Geo Information Science) во Холандија,

Од Државен просветен инспекторат беше доставен одговор – целосна информација со број 12-2270/8 од 10.09.2019 година со кој известува дека согласно неговите законски надлежности и овластувања, не е надлежен да постапува, односно не врши инспекциски надзор на спроведени постапки, донесени акти, одлуки односно решенија за признавање на високообразовни квалификации стекнати во странство, донесени од Министерството за образование и наука, односно министерот.

При разгледување на добиената целокупна документација од Министерството за образование и наука ДКСК констатира:

Лицето -------------- се запишал на Факултетот за Гео – информатички науки и опсервирање на земјата при Универзитетот Твенте во Енсхеде, Холандија, на 13.09.2013 година и со квалификацијата Магистер на науки се стекнал на 13.03.2015 година на програмата за забрзани студии со официјално времетраење од една и пол година со стекнување на 118 кредити, за студии за кои вообичаено би биле потребни две години за нивно завршување. Во информациите како додаток на дипломата се објаснува дека забрзувањето се постигнува со изостанување на академските одмори и примена на пообемна студиска програма од 48 часа неделно.

Согласно членот 95 од Законот за високото образование, академските универзитетски студии од вториот циклус траат едно односно две години и со нивното завршување се стекнуваат 60 односно 120 ЕКТС кредити. Овие студии можат да траат и подолго доколку тоа е во согласност со меѓународно прифатените стандарди за даден профил. Од програмата на предметите или изучуваните модули или единици во Факултетот за Гео – информатички науки и опсервирање на земјата при Универзитетот Твенте во Енсхеде, Холандија, лицето ------------- поради компатибилноста на кредитите го полагал

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

дополнително и предметот "Добивање на катастарски податоци и 3 Д катастар" и се стекнал со 5 кредити или севкупно со 123 ЕКТС кредити. На ден 14.04.2015 година лицето ------------ доставило барање и преведената целокупната документација до Комисијата за нострификација на странски дипломи при Министерството за образование и наука, која на ден 27.04.2015 година донел Решение со бр.15-925 со која се признава високообразовна квалификација стекната во странство.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата кои се однесуваат на тоа дека за да се стекне со повеќе кредити лицето -------------- полагал предмет кој не е дел од студиската програма не се потврдени, па оттаму Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите содржани во пријавата не се потврдени и истите се неосновани.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 01.11.2019 година по број 12-2270/9

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk